Република Македонија
Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.5/9-2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2018 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 11

Приходи по буџетски корисници ... 12

Буџетски расходи според економската класификација ... 13

Расходи по буџетски корисници ... 14

Буџетско салдо ... 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 17

Плати ... 18

Пензии ... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ... 19

Депозитен потенцијал ... 20

Кредити на банките ... 20

Каматни стапки на депозитни банки ... 21

Пазар на капитал ... 21

Девизни резерви ... 22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2018 година

- Индустриското производство во мај 2018 година забележа раст од 1,1% во споредба со мај 2017 година;

- Потрошувачките цени во мај 2018 година се зголемија за 1,7% во однос на мај 2017 година, по годишниот раст од 1,4% во април 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - мај 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – мај 2018 година извозот забележа раст од 14,2%, а увозот од 9,5%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 2,5%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите пет месеци од 2018 година изнесуваа 75.709 милиони денари, односно 11,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 3,5% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите пет месеци од 2018 година изнесуваа 80.110 милиони денари, односно 12,1% од БДП, што е за 2,1% повеќе во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните кредити на банките во мај 2018 година се зголемија за 6,3% во споредба со мај 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,8%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во мај 2018 година забележа раст од 1,1% во споредба со мај 2017 година. Растот во целост се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија, каде што производството е зголемено за 2,9% и придонес во растот од 2,4 п.п.. Во останатите сектори е забележан пад, и тоа од 7,3% и придонес од -0,6 п.п. во секторот Рударство и вадење камен, како и од 2,8% и придонес од -0,3 п.п. во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 11 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 39,8% во структурата на индустриското производство, со што продолжува трендот главен двигател на растот да бидат неколку гранки за производство на високософистицирани технолошки производи кај кои е забележано многу високо зголемување на производството. Така на пример, раст над 30% е забележан кај производството на електрична и транспортна опрема, моторни возила и фабрикувани метални производи. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, зголемување на производството има единствено кај производството на машини и уреди од 2,1% (придонес од 0,3 п.п.), додека производството на прехранбени производи бележи пад од 4,6% (придонес од -0,5 п.п.), а снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација пад од 2,8% (придонес од -0,3 п.п.).

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите Капитални производи од 18,0% (придонес од 3,8 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 39,7% (придонес од 1,0 п.п.). Пад е забележан кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,0% (придонес од -2,0 п.п.), Енергија од 6,3% (придонес од -0,8 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,4% (придонес од -0,7 п.п.).

На кумулативна основа, индустриското производство во првите пет месеци од 2018 година бележи раст од 3,5%, што во целост се должи на растот во секторот

Преработувачка индустрија од 5,5% и придонес од 4,4 п.п., но истиот е ублажен со падот во секторите Рударство и вадење камен од 6,2% и негативен придонес од 0,5 п.п., како и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,7% и негативен придонес од 0,5 п.п..

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 10 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 36,9% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, раст е забележан единствено кај производството на машини и уреди од 8,9% (придонес од 1,2 п.п.), додека пад е забележан во прехранбената индустрија од 0,5% (придонес од -0,1 п.п.) и снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,7% (придонес од -0,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на електрична опрема
2 - Производство на фабрикувани метални производи
3 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
4 - Производство на мебел
5 - Производство на машини и уреди

Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 19,4% (придонес од 4,1 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 52,9% (придонес од 1,3 п.п.). Растот е ублажен со падот на производството кај групите Енергија од 6,5% (придонес од -0,8%), Интермедијарни производи, освен енергија од 2,4% (придонес од -0,7 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,4% (придонес од -0,5 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на облека
2 - Производство на прехранбени производи
3 - Производство на метали
4 - Вадење на јаглен и лигнит
5 - Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во мај 2018 година е зголемен за 8,9%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 9,9% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 1,7%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,2%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 28,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 15,0% и Нетрајни производи за

широка потрошувачка од 2,3%. Пад е забележан кај групите Енергија од 0,7% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%.

Бројот на работници во првите пет месеци од 2018 година бележи раст од 7,5%, што главно се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 8,4%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 1,0%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во периодот јануари - мај 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 22,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 14,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,5% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,8%. Пад на бројот на работници е забележан единствено во групата Енергија од 0,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2018 година е поповолна во однос на април 2018 година, како и во однос на мај 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 67,4%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 67,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 3,4 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај 2018 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 23,0%, недоволната домашна побарувачка со 18,7%, недоволната странска побарувачка со 18,4%, финансиските проблеми со 10,1%, неизвесното економско опкружување со 10,0% и конкурентниот увоз со 6,5%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај 2018 година во однос на април 2018 година е поповолна во однос на претходниот месец, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни споредено со април 2018 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2018 година издадени се вкупно 222 одобренија за градење, што претставува пад од 7,9% во однос на истиот период претходната година. Споредено со април 2018 година, кога биле издадени 249 одобренија за градење, бројот на издадени

одобренија за градење се намалил за 10,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во однос на мај 2017 година бележи намалување од 4,2%. На месечна основа, вредноста на објектите се намали за 43,2%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 116 (или 52,2%) се наменети за објекти од високоградба, 41 (или 18,5%) за објекти од нискоградба и 65 (или 29,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 222 издадени одобренија за градба, на 116 објекти (или 52,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 106 објекти (или 47,7%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во мај 2018 година предвидена е изградба на 477 станови, со вкупна корисна површина од 38.951 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во мај бележи намалување од 50,6% во однос на претходниот месец, а на годишна основа од 55,8%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во мај 2018 година се зголемија за 1,7% во однос на мај 2017 година, по годишниот раст од 1,4% во април 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - мај 2018 година изнесува 1,5%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во мај забележа годишен раст на цените од 1,0%, при што највисок раст имаа цените на зеленчукот (за 3,7%) и месото (за 3,4%).

Највисок годишен раст на цените во мај 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 8,7% следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,0%, Рекреација и култура од 3,0%, Ресторани и хотели од 2,0%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Комуникации од 0,8%, Останати стоки и услуги од 0,4% и Здравје од 0,3%.

Годишен пад на цените во мај 2018 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 0,7% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Потрошувачките цени во мај 2018 година се зголемија за 1,0% во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,7%, Рекреација и култура од 2,1%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,4%, Транспорт од 1,2%, Ресторани и хотели од 1,0%, Здравје од 0,7%, Облека и обувки од 0,5%, Останати стоки и услуги од 0,4% и Комуникации од 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категоријата Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3%.

Цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 3,1%, а на месечна основа за 0,7%. Цените на мало во периодот јануари - мај 2018 година се повисоки за 3,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2018 година споредено со претходниот месец се зголеми за 7,0% и изнесува 76,7 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата бележи раст од 50,7%. Цената на природниот гас во мај 2018 година во однос на април 2018 година порасна за 10,3%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(*цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во мај 2018 година се тргуваше со просечна

цена од 14.366 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи зголемување на цената од 3,1%. Во однос на мај 2017 година, цената на никелот е повисока за 56,9%. Покрај никелот, цените на алуминиумот и оловото исто така бележат месечен раст од 2,0% и 0,4%, соодветно. Останатите основни метали во мај 2018 година споредено со претходниот месец бележат намалување на цените. Така, цената на цинкот се намали за 4,0%, на калајот за 2,0% и на бакарот за 0,4%. Цената на железната руда во мај е зголемена за 0,5% на месечна основа.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во мај 2018 година бележат пад на цените на месечна основа. Така, цената на златото се намали за 2,3%, на платината за 2,1% и на среброто за 0,9%.

Цената на пченицата на светските берзи во мај 2018 година споредено со април 2018 година се зголеми за 5,6%, а цената на пченката за 2,0%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2018 година изнесува 5.293,4 милиони евра, што претставува раст од 11,4% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – мај 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 72,7%, што претставува зголемување од 2,7 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - мај 2018 година изнесува 2.265,4 милиони евра и бележи раст од 14,2% (281,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 0,5%.

Вредноста на извезените стоки во мај 2018 година изнесува 486,9 милиони евра и бележи раст од 12,0% (52,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 12,6%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2018 година извозот бележи раст од 3,6% (17,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 0,9%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – мај 2018 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,2% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – мај 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 18,0% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 7,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 84,1% и 10,3% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – мај 2018 година изнесува 3.027,9 милиони евра и бележи раст од 9,5% (262,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

физичкиот обем на увозот бележи пад од 9,9%.

Вредноста на увозот во мај 2018 година изнесува 621,1 милион евра, што претставува раст од 0,7% (4,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се намалени за 9,9%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во мај 2018 година бележи пад од 0,3% (2,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 2,3%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 44,8 | 56,7 | 11,9 | 26,5 |
| Мил. ЕУР | 18,5 | 25,2 | 6,7 | 36,1 |
| Мил.$ | 19,9 | 30,7 | 10,8 | 54,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 416,7 | 380,0 | -36,7 | -8,8 |
| Мил. ЕУР | 175,7 | 189,3 | 13,6 | 7,8 |
| Мил.$ | 188,8 | 230,4 | 41,6 | 22,1 |

| Извоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 22,3 | 9,4 | -12,9 | -57,8 |
| Мил. ЕУР | 420,7 | 468,3 | 47,6 | 11,3 |
| Мил.$ | 453,3 | 569,9 | 116,6 | 25,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 11,8 | 12,1 | 0,3 | 2,3 |
| Мил. ЕУР | 75,7 | 85,6 | 9,9 | 13,1 |
| Мил.$ | 81,4 | 104,4 | 23,0 | 28,3 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 291,6 | 300,6 | 9,0 | 3,1 |
| Мил. ЕУР | 194,5 | 195,3 | 0,7 | 0,4 |
| Мил.$ | 210,1 | 237,7 | 27,6 | 13,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2017 | I-V-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 319,7 | 366,3 | 46,7 | 14,6 |
| Мил. ЕУР | 160,6 | 198,4 | 37,7 | 23,5 |
| Мил.$ | 173,6 | 242,0 | 68,4 | 39,4 |

## Салдо на трговска размена

Во првите пет месеци од 2018 година, трговскиот дефицит се намали за 2,5% односно 19,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2018 година трговскиот дефицит се намали за 26,3% односно 47,8 милиони евра споредено со мај 2017 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива, храна и пијалаци и индустриски набавки.

Во периодот јануари – мај 2018 година 95,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Турција, а потоа

следуваат: Србија, Италија, САД, Полска, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,2% од трговската размена во периодот јануари – мај 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува зголемување од 1,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,7% и 84,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 1,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,6 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2017 | | | | | I - V - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.766,0 | 2.284.348.726 | 61,5804 | 140.671.108.310 | 82,6 | 1.794,8 | 2.548.302.631 | 61,5348 | 156.809.292.711 | 84,2 | 263.953.904 | 11,6 |
| УСД | 841,8 | 494.056.069 | 57,3602 | 28.339.154.909 | 16,6 | 552,4 | 550.046.299 | 50,4746 | 27.763.366.945 | 14,9 | 55.990.231 | 11,3 |
| ГБП | 1,8 | 8.259.733 | 71,8854 | 593.754.238 | 0,3 | 2,6 | 12.812.203 | 69,9088 | 895.685.710 | 0,5 | 4.552.469 | 55,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.609,7 | | | 169.604.017.457 | 99,2 | 2.349,8 | | | 185.468.345.366 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.615,5 | | | 170.355.439.605 | 100,0 | 2.356,7 | | | 186.324.691.538 | 100,0 | | 9,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите пет месеци од 2018 година изнесуваа 75.709 милиони денари, односно 11,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 3,5% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 45.676 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 5,6%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории *(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 20.163 милиони денари, што претставува намалување за 3,3% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 44,1%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 29.392 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 9.229 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 33,4% споредено со истиот период во 2017 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој

забележува поголемо остварување за 9,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,6%.

Акцизите се остварени во износ од 9.733 милиони денари (учество од 21,3% во даночните приходи), што претставува зголемување од 11,7%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 29.896 милиони денари, што претставува 65,5% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 6.217 милиони денари и забележуваат раст од 5,2% на годишна основа, при што 66,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,9% од приходи од капитал, 6,5% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 4,0% од приходи од имот и имотни права и 2,0% од приходи од самостојна дејност. Приходите од данокот на добивка во овие пет месеци изнесуваа 7.009 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 27,4% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на доплатите по даночни биланси (зголемување од 33,9%), данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 25,6%) и задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 22,7%), додека намалување бележи данокот по основ на дивиденди и други распределби од добивката (44,8%).

Приходите од царина се остварени во износ од 2.345 милиони денари и забележаа зголемување од 11,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 209 милиони денари забележаа поголемо остварување за 31,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 22.200 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,0% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 5,8%, кај придонесите за вработување за 6,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 6,4%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.068 милиони денари и во однос на истиот период во 2017 година забележаа помало остварување од 17,9% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 757 милиони денари, што е 3 пати повеќе во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.344 милиони денари и се намалени за 29,5% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – мај 2018 година изнесуваат 88.455 милиони денари, односно

95,2% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 55,7% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2: Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата



Извор: МФ.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 51,0% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до мај достигна 40,5% од годишниот план. Приливот на средства по основ на задолжување во странство во овој период изнесува 30.529 милиони денари, што претставува 34,5% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 1.452 милиона денари, односно 1,6% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (81,0%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за здравство оствари приходи кои изнесуваат 613 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 49,9% од тој износ претставуваат приливи на средства стекнати по основ на задолжување во странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 2,6% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – мај 2018 година изнесуваат 27.682 милиона денари и претставуваат 40,7% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 12.071 милион денари, односно 42,0% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Македонија во првите пет месеци од 2018 година остварила приходи во висина од 955 милиони денари, што претставува 41,0% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите пет месеци од 2018 година изнесуваа 80.110 милиони денари, односно 12,1% од БДП, што е за 2,1% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 76.773 милиони денари учествуваа со 95,8% и се зголемени за 8,6% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 10.866 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,6% што во однос на 2017 година покажува дека се пониски за 0,4%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.913 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 6,2%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 58.146 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 13,0% споредено со истиот период во 2017 година и истите учествуваа со 72,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 40.936 милиони денари, забележаа раст од 5,6% и учествуваа со 51,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 25.066 милиони денари, што е зголемување за 5,1% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,7%, односно забележаа поголема реализација за 37,9%, а се реализирани во износ од 16.587 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.569 милиони денари забележаа зголемување од 4,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 9.098 милиони денари што е зголемување од 88,1% споредено со минатата година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Каматните расходи изнесуваат 1.848 милиони денари, што е за 8,1% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 2,6%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 21,5%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.337 милиони денари со структурно учество од 4,2% во вкупните расходи (0,5% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 57,1% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 84,5% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – мај 2018 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 25.524 милиони денари, што претставува 65,0% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 82,2% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – мај 2018 година потрошени се 20.988 милиони денари, односно 93,3% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 7,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.841 милион денари или 21,2% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – мај 2018 година реализираше 17.985 милиони денари или 41,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (73,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.219 милиони денари или 41,8% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,6% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 41,5% (3.337 милиони денари) од планираните за 2018 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – мај 2018 година изврши буџетски средства во износ од 8.930 милиони денари, што е 35,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (63,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.687 милиони денари или 41,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 1.383 милиони денари, односно 39,5% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 12,5% во вкупните расходи) реализирани се 1.119 милиони денари, што претставува 27,2% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во првите пет месеци од 2018 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.193 милиони денари, што претставува 71,7% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 95,2%), за што во анализираниот период извршени се 5.897 милиони денари или 89,6% од планираното.

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во периодот јануари – мај 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 4.207 милиони денари, што претставува 41,0% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 70,8%, за што се потрошени 2.977 милиони денари или 40,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,2%, за што се реализирани 680 милиони денари или 39,8% од годишниот план.

Министерството за здравство во првите пет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 2.532 милиона денари, што е 38,1% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 54,7%, за што во периодот јануари – мај 2018 година потрошени се 1.385 милиони денари или 49,6% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 33,7% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 854 милиони денари, односно 43,3% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 9,9% во вкупните расходи) изнесува 14,1% односно извршени се 250 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – мај 2018 година изврши буџетски средства во износ од 2.137 милиони денари, што е 32,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 72,0%, за што во првите пет месеци реализирани се 1.538 милиони денари, што претставува 40,7% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 498 милиони денари, односно 28,6% од вкупно предвидените.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – мај 2018 година извршени се средства во износ од 1.276 милиони денари, што е 34,1% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,3%, а нивната реализација во првите пет месеци изнесува 40,4%, односно извршени се 425 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 29,8%, а за оваа намена реализирани се 380 милиони денари или 30,9% од планираното. За капитални расходи реализирани се 290 милиони денари, што претставува 29,6% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 22,7% од вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во првите пет месеци од 2018 година реализираше средства во износ од 893 милиони денари, што е 14,7% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 59,5%, а нивната реализација во периодот јануари – мај 2018 година

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивното реализирање на капиталните проекти.

изнесува 10,2%, односно извршени се 532 милиона денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 32,8% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 293 милиони денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2018 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 4.401 милион денари, што претставува 0,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 4.014 милиони денари и претставува 0,6% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – мај 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 85.185 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 12,6% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Од вкупниот број нововработени, 40,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2018 година 23,0% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во мај 2018 година изнесува 188.105, од кои 98.916 се активни баратели на работа, а 89.189 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,8%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Најголем дел од невработените лица (66,8%) се градско население, а според половата структура 58,5%

се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,0% се со завршено средно образование, додека 14,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2018 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (32,2%), Преработувачка индустрија (13,0%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (11,4%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 4,1%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во април 2018 година оствари годишен раст од 5,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (32,1%), Преработувачка индустрија (13,1%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (11,3%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,0%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во мај 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 312.032 пензионера, што претставува зголемување од 2,3% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 515 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,9% се корисници на старосна пензија, 24,4% се корисници на семејна пензија и 11,6% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2018 година изнесува 14.120 денари и е за 0,7% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,0%.




**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*
Извор: ФПИОМ.

Просечната старосна пензија во април изнесува 15.423 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.808 денари, а просечната семејна пензија 11.337 денари. За исплата на пензиите во мај 2018 година се потрошени 4.333,53 милиони денари, што претставува 51,0% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во мај 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,0%, како резултат на здрави економски основи, без присуство на нерамнотежи и стабилизирање на довербата и очекувањата на економските субјекти, видливо преку поволните движења на девизниот пазар и постепеното забрзување на депозитниот раст. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.




**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(мај 2018 година)
Извор: НБРМ.

## Примарни пари

Во мај 2018 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 11,2% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 16,2% и 6,5%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 6,2%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките за 0,8% и 12,2%, соодветно.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал

Во мај 2018 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,9%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,6%.

Од аспект на валутата, во мај 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,6%, а депозитите во странска валута за 2,2%.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2018 година оствари раст од 9,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 10,5% и 8,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 6,9%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 8,9%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,4%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 12,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,1%.
Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **347.000** | **1,9%** | **9,8%** |
| Денари | *204.937* | 1,6 % | 10,5% |
| Странска валута | *142.063* | 2,2% | 8,9% |
| Краткорочни | *156.031* | 2,5% | 4,4% |
| Долгорочни | *97.672* | 1,1% | 12,2% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **301.758** | **1,2%** | **6,3%** |
| Денари | *254.871* | 1,3% | 8,7% |
| Странска валута | *46.888* | 0,7% | -5,2% |
| Краткорочни | *64.913* | 1,9% | 5,6% |
| Долгорочни | *219.926* | 1,1% | 9,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.392* | 0,3% | -19,5% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во мај 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во мај 2018 година кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,2%, а кредитите кон домаќинствата за 1,3%. Од аспект на валутата, во мај 2018 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 1,3%, а девизните кредити од 0,7%.

На годишна основа, во мај 2018 година вкупните кредити се зголемија за 6,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,6% и раст на кредитите кон претпријатијата за 2,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 5,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,0%, а краткорочните кредити се зголемија за 5,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,61%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,83%, а на девизните кредити се намали за 0,03 п.п на месечно ниво и изнесува 4,53%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во мај 2018 година изнесува 1,47% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 2,06%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета во споредба со минатиот месец и изнесува 0,77%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 46,6% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 139,0% и прометот од класичното тргување за 4,2%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во мај 2018 година изнесуваше 861,0 милион денари и истиот е зголемен за 2,8 пати (175,7%) на годишно ниво. Македонскиот

берзански индекс МБИ-10 на крајот на мај 2018 година изнесуваше 2.971,54 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 2,6%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 31,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2018 година изнесуваа 2.610,7 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 22,3 милиони евра, додека во однос на мај 2017 година се зголемени за 162,2 милиона евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693